Архивски број: 08-607/3
22-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-607/1 од 10.09.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на [redacted] Скопје по основ на попреченост, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-607/1 од 10.09.2024 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 10.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електронски пат, беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, заведена под број 08-607/1, против [redacted] Скопје.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот,* ***податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката****, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.*

Имено, во поднесената форма по електронски пат до Комисијата, недостасува делот – Образложение на претставката, во кој треба да бидат наведени факти и околности од кои ќе се стори веројатно дека е извршена дискриминација. Поради ова на 13.09.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот на претставката по електронски пат достави Барање за доуредување на претставката, заведено под број 08-607/2. Од подносителот беше побарано да ги наведе фактите и околностите на кои ја темели претставката и доказ за наведеното доколку таков поседува.

Со оглед да подносителот не постапи по барањето за доуредување согласно член 24 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно не ги достави бараните податоци во законски утврдениот рок, а кои се неопходни за правилно утврдување на фактичката состојба, се одлучи како во дискпозитивот на овој Заклучок.

Скопје
18.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД